**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-186/9**

**Скопје, 25.06. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Општина Карбинци за 2008 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на Општина Карбинци, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Борис Гаврилов - Градоначалник на Општина Карбинци во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 03.04.2009, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Општина Карбинци на 31.12.2008 година има неискористени средства од корисниците на наменските дотации во износ од 2.582 илјади денари. Овие средства иако се планирани со финансиските планови на корисниците останале неискористени. Во најголем дел неискористените парични средства се за следните намени:
- износ од 1.667 илјади денари средства буџетирани за трошоци за превоз до и од работа за наставници во основното образование кои биле пренаменети за други потреби (надомест за храна, течни горива, транспорт на луѓе, ситен инвентар, алат и други материјали за поправка и друго), и
- расходи за реконструкција на училишни објекти во износ од 767 илјади денари, како учество на општината во соработка со УСАИД, кои активности не се започнати во 2008 година и се пренесени за реализација во 2009 година.
Спротивно на Одлуката за извршување на буџетот за 2008 година на наставничкиот кадар во основното образование не е исплаќан надомест за од и до работа, според кажувањата на надлежните е организиран превоз за наставниците.
Непочитувањето на законските прописи, интерните акти и несоодветната комуникација помеѓу надлежните во општината и корисниците на наменските дотации придонесува на сметката за наменски дотации да има салдо на 31 декември.

**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице е должен да постапува и да ги почитува Одлуките на Советот.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Општина Карбинци на ден 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиските извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

**13. Обелоденувања**

12.2. Од страна на 26 лица тужители - наставници во основното образование поднесена е тужба до Основниот суд Штип против тужениот ОУ „Страшо Пинџур„ Карбинци за неисплатен надомест за трошоци за превоз до и од работа за период од 01.02.2008 до 01.06.2008 година.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на корисникот на средства од буџетот на општина Карбинци и буџетот на Општина Карбинци за годината која завршува со 31 декември 2008 година.

Скопје, 18.06. 2009 година　　　　　　　　　　Овластен државен ревизор

**Општина Карбинци-Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 0 | 87 |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 28,477 | 11,097 |
| **Вкупно приходи** | | **28,477** | **11,184** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1. | 18,911 | 4,798 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 26 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.3.3. | 6,948 | 4,988 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **25,885** | **9,786** |
| **Капитални расходи** | 3.2.4. | **10** | **71** |
| **Вкупно расходи** | | **25,895** | **9,856** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **2,582** | **1,327** |

**Општина Карбинци-Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2,582 | 1,327 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,582** | **1,327** |
| **Вкупна актива** | | **2,582** | **1,327** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 2,582 | 1,327 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2,582** | **1,327** |
| **Вкупна пасива** | | **2,582** | **1,327** |